СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ
согласно Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации
Студиска програма: **Англиски јазик и книжевност – Наставна насока**
Циклус на квалификации: I циклус, 240 ЕКТС, VI А

| **Тип на дескриптор** | **Опис** |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Поседува знаење за јазикот и јазичните вештини на сите јазични рамништа.<br>Применување на стекнатото знаење и разбирање за јазикот во насока на граматичката структура, фонетско-фонолошка и лексичка и стилска особеност.<br>Стекнување теориски предзнаења за методите и приодите за учење на англискиот јазик. |
| Примена на знаењето и разбирањето | Практична примена на знаењето и разбирањето преку соодветната професија. Примена на теориските предзнаења од областа на усвојувањето на јазичниот систем и јазичните вештини, вклучување на културата и литературата во наставата по англиски јазик. Поседува способност за настава и пронаоѓање решение во одредени ситуации во наставниот процес. Стекнување знаење со начините на користење на технолошки алатки во наставата, вклучувајќи ги информатичките технологии и мобилните телефони |
| Способност за проценка | Поседува способност за анализирање, тестирање, оценување и креирање различни тестови. Поседува способност за оценување теоретски и практични прашања, објаснување за причините и избор на соодветно решение.<br>Поседува способност за соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти. |
| Комуникациски вештини | Способност за успешна комуникација во насока на јасна, прецизна и недвосмислена комуникација со учениците во наставно-образовниот процес. |
| Вештини на учење | Демонстрирање способност за успешно автономно учење и примена на сознанијата во наставата по англиски јазик; Стекнување знаења за стратегиите на учење на странски јазик и нивната поврзаност со самостојно учење, критичко размислување и саморегулација. Способност за применување и подобрување на знаењето во насока на доживотно учење со висок степен на независност, во насока кон продолжување на понатамошни студии со висок степен на автономија. |